# THE LEGAL ASPECTS OF THE SURROGATE MOTHERHOOD IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. FROM CRIMINAL OFFENSE TO LIBERAL REGULATION

**Robert Dauti**
Lawyer's office „Useini”, North Macedonia, robertdauti@outlook.com
**Anita Dauti**
Ministry of Finance, North Macedonia, anitadauti7@gmail.com

**Abstract:** Surrogacy is the new reality of modern times. The expansive progress of technical-technological achievements in all segments of social life, undoubtedly brought revolutionary changes in the field of reproductive human medicine, which beyond to the decade institution of adoption, allowed a new method of so-called assisted human reproduction-surrogacy. From a modern perspective, surrogacy or surrogate motherhood represents a reproductive option, the birth of a child for another, an alternative to unsuccessful in vitro fertilization, a different possibility for creating a family in cases where the parental relationship cannot be created otherwise. Republic of North Macedonia can also vaunt with the first live-born child conceived with the cooperation of biomedical assisted fertilization methods from a domiciliary surrogate mother. The subject matter arouses particular attention for the wider and academic public, which is why surrogacy was accepted in the macedonian positive law relatively recently in 2014 with the new substantial changes to the existing law on biomedical assisted fertilization from 2008, with which the country was counted among the rare states that legally allowed surrogacy as a humane reproductive possibility, bringing the most liberal model of surrogacy in Europe. The use of surrogate motherhood and the more pronounced abandonment of the millennial legal presumption *mater simper certa est* in which basis does not exist doubt that the real mother of the child is the woman who gives birth, actualizes an extremely serious series of legal dilemmas, moral and ethical discomfort, danger of crime, different regulations and non-recognition of parental rights, which in extreme cases also contradict the best interest of the child. Although it’s still too early to note the results of the novelties in the law, the author will try to give a qualitative analysis of the positive solutions in the area of changes to surrogacy and through the obtained results to present the weaknesses arising from the current model for regulating surrogacy in order to saw possible space for future corrections. In this regard, in the centar of author's attention will also be considered the problematic normative solutions which open up a series of problems and questions in the area of: the prohibition of unmarried couples to come forward as potential parents, the introduction of the possibility of allogeneic surrogacy in which the uterus of the surrogate the mother is implanted with a donated embryo that has no genetic and biological affiliation with the married couple, the right of the married couple to request abortion or interception of the pregnancy of the gestational carrier due to medically-scientific justified indications etc.
**Keywords:** surrogacy, legislation, family, legal parentage, children

# ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА СУРОГАТ МАЈЧИНСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. ОД КАЗНИВО ДЕЛО ДО ЛИБЕРАЛНА РЕГУЛАТИВА

**Роберт Даути**
Адвокатска канцеларија „Усеини”, Северна Македонија, robertdauti@outlook.com
**Анита Даути**
Министерство за финансии, Северна Македонија, anitadauti7@gmail.com

**Резиме:** Сурогат мајчинството е новата реалност на современото време. Експанзивниот развој на техничко-технолошките достигнувања во сите сфери на општественото живеење недвојбено донесе револуционерни промени на теренот на репродуктивната хумана медицина која покрај деценискиот институт посвојување, овозможи нов метод на тн. асистирана човечка репродукција- сурогатство. Од современа перспектива, сурогатството или сурогат мајчинството претставува репродуктивна опција, раѓање на дете за друг, алтернатива за несупешното in vitro оплодување, поинаква можност за создавање на семејство во случаите каде што родителскиот однос не може да се создаде на друг начин. Република Северна Македонија може да се пофали и со првото живородено дете зачнато со помош на методите на биомедицинско потпомогнато оплодување од домицилна сурогат - мајка. Предметната тема пробудува особено внимание за пошироката и академска јавност поради што сурогат мајчинството во македонското позитивно право беше прифатено

релативно скоро во 2014 година со новите суштински измени на постоечкиот Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување од 2008 година, со што државата се вброи во редот на ретките земји која сурогат мајчинството законски го допушти како хумана репродуктивна можност и тоа донесувајќи го најлибералниот модел на сурогат мајчинство во Европа. Примената на сурогат мајчинството и се поизразеното напуштање на милениумската правна пресумпција *mater simper certa est*, во чија основа не постои сомнеж дека мајката на детето е жената што го раѓа, актуелизира исклучително сериозна низа на правни дилеми, морална и етичка нелагодност, опасност од криминал, различна регулатива и непризнавање на родителските права, а кои во екстремни случаи се косат и со принципот на најдобриот интерес на детето. Иако се уште е рано да се нотираат резултатите од новините во законот, авторот ќе се обиде да даде квалитативна анализа на позитивните решенија во делот на измените на сурогат мајчинството и преку добиените резултати да ги презентира слабостите кои произлегуваат од актуелниот модел за регулирање на сурогатството за да се увиде евентуален простор за идни корекции. Во врска со тоа во центарот на внимание на авторот ќе бидат разгледани и проблематичните нормативни решенија коишто отвараат низа проблеми и прашања во делот на: забраната вонбрачните парови да се јават во улога на потенцијални родители, воведување на можноста за алогенично сурогат мајчинство при кое во матката на сурогат мајката се имплантира дониран ембрион кој нема никаква генетска и биолошка врска со брачната двојка, правото брачната двојка да одлучува за прекин односно запирање на бременоста на гестацискиот носител поради медицинско-научни оправдани индиции и сл.

**Клучни зборови:** сурогат мајчинство, законска регулатива, семејство, правно родителство, деца

## 1. ПРАВНАТА УРЕДЕНОСТ НА СУРОГАТ МАЈЧИНСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2008-2014) ГОДИНА

Сурогат мајчинството во странската правнотеоретска мисла има богато упориште од крајот на минатиот век кога во Соединетите Американски Држави во 1985 година во сојузната држава Кентаки се случи првото планирано сурогат мајчинство. За споредба, во домашното законодавство дури во 2008 година со Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување за првпат во тогашниот член 27 се спомна терминот *„сурогат мајчинство“*и тоа во форма на изречна забрана преку средствата за јавно информирање практично да се нуди или бара сервисна услуга на раѓање на дете за друг. Следствено на тоа, договорите за сурогат мајчинство, за предавање на родената дете по раѓање по автоматизам беа ништовни. Со други зборови, алтруистичкото, а уште помалку комерцијалното сурогат мајчинство не беа нормативно возможни. Дотогаш сурогат мајчинството во Р. Северна Македонија не само што не беше регулирано, туку беше и забрането. Свесно или ненамерно, креаторите на казненоправните забрани, алудирајќи пред се на оние кои работеа на создавањето на првиот Кривичен законик, како и на неговите многубројни измени, воопшто не го допираа прашањето за добивање на дете преку сурогат мајка. Законските одредби за непочитување на забраната од член 27 единствено предвидуваа прекршочна одговорност за физичките лица. На овој начин, сурогатството правно егзистираше како казниво дело-прекршок, што впрочем беше случај и во голем број држави со развиена правна традиција и далеку подобри медицински услови.

На европско тло во поголем период пред очите на сите се случуваше *експанзија на* интернационален репродуктивен туризам. Во потрага по свое бебе дел од *брачните и вонбрачните двојки од држави каде што сурогат мајчинството е забрането транзитираа на американскиот континент каде што сурогатството на сојузно ниво е фрагментирано и во поголем дел дозволено, практикувано и судски потврдено. Други завршуваа во Украина, Русија и Индија* како една од најголемите репродуктивни „меки” во светот со регистрирани 3.000 репродуктивни клиники, со над 25.000 произведени бебиња од кои половината се „нарачани“ од странство и годишен приход од над 450 милиони американски долари што создава една цела развиена индустриска гранка на сурогат мајки.[52]Вистинската борба за ваквите двојки започнуваше дури отпосле против својата матична држава во начинот како да го „внесат“ своето дете во нејзиниот правен систем, а да не се создаваат апатриди.[53] Без размислување, Европскиот суд за човекови права преку својата богата пракса во областа на семејното право овозможи отворено законско декриминализирање на сурогат мајчинството, уважувајќи ја димензијата на човековите права- правото на живот, правото на репродукција и родителство. Уште во 2010 година, *Европското друштво за хумана*

---

[52]Донев, Д.(2019). Биоетичките перспективи на сурогат мајчинството, *Втора меѓународна интердисциплинарна конференција „Биоетиката - Знак на новото доба“,* Филозофски факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј”, Скопје, стр.21

[53]Деаноска, А. Матка под закуп (3): Сурогатството во Македонија- од казниво дело до либерална регулатива, retrieved from: https://janakiznae.mk

*репродукција и ембиологија (ECXPE)* презентираше фрапантни податоци дека дури една од шест двојки во светот страда од неплодност. Во просек, девет од сто жени во светски рамки на возраст помеѓу 20 и 44 години не можат да имаат дете. Се погласно се зборуваше дека неплодноста станува епидемија чија кулминација допрва ќе следува.[54]Дури во 2014 година македонскиот законодавец во услови на конзервативно ориентирана влада се почувствува подготвен за легализирање на сурогат мајчинството. Меѓутоа, како што забележува проф. Деаноска не може да се даде прецизен одговор дали токму ваквите состојби во Европа влијаеле врз македонскиот законодавец да тргне во сосема друга насока, кога со новите законски решенија од 2014 година се дозволи алтруистичкото сурогатство. Измените на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување не можат да се препишат како последица на решавачките одлуки на европскиот суд кои следуваа безмалку една цела година подоцна, така што интенциите сурогат мајчинството да стане дел од македонската натална политика поверојатно биле други. На донесувањето на Предлог законот од страна на Министерството за здравство претходеа дури 4 општи јавни дискусии кои инволвираа луѓе од различни професионални профили од правници до социолози, верски групи и сл. Она на што се забележува е дека во текот на ниту една расправа не се допре до основното, есенцијално прашање, дали да се прифати сурогат мајчинството во македонскиот правен систем со сите бројни и сериозни дилеми што ги отвара самата постапка, туку се говореше само за начинот на кој треба да се регулира постапката за изнесување на плодот.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ СУРОГАТ МАЈЧИНСТВО/ГЕСТАЦИСКИ НОСИТЕЛ

Имено, денес со законските измени и дополнувања од 2014 година во позитивниот правен систем на Р. Северна Македонија детално е регулирано гестациското сурогат мајчинство.Тоа подразбира дека при овој метод се користи репродуктивен материјал од обата родители кој по пат на медицинско потпомогнато оплодување се вбризгува во гестацискиот носител кој ја изнесува бременоста и го раѓа детето. Гестацискиот носител е само носител на бременоста-гестацијата при што самиот имплантиран ембрион креиран од туѓа јајце клетка нема никаква генетска и биолошка поврзаност со таа жена. Тоа е и причината зошто законодавецот го користи како најсоодветен изразот гестациски носител, наместо општоприфатениот термин сурогат- мајка, за да се потенцира постоењето на психолошката димензија дека терминот мајка е со единствено значење и секогаш се однесува на жената што го родила детето, а не и на жената која родила дете за друг. Профилирањето на гестациски носител законодавецот го прави доста прецизно кога ги определува условите по пат на негативна енумерација во членот 6-а од законот. Согласно тоа, гестацискиот носител може само само еднаш да роди живо дете за друг и притоа нагласувајќи само „едно". Сепак ваквото законско решение не е сосема јасно затоа што не се однесува и за бројот на родените деца со оглед дека се ограничува само на „едно живо дете". Во тој правец истакнатите професори Мицковиќ, Игновска и Ристов забележуваат: *најверојатно, законодавецот тука мислел, но го заборавил да вметне најмалку едно живо дете. Ова од причина што во целиот текст на законот законодавецот ги користи термините детето, односно децата, имајќи ја предвид можноста за оплодување со најмногу два ембриони на гестацискиот носител.*[55] Воведувањето на сурогат мајчинството и неговата законска оправданост единствено наоѓа легитимитет во ситуации кога кај жената од брачната двојка постојат медицински индикации (womb factor) поврзани со болести, дегенеративни промени и отсуство на матката, а кои неможат да се елиминираат односно компензираат со хируршки проверени третмани, како и неуспешни претходни бремености, најмалку три. Притоа е неопходно и жената истовремено да ги исполнува погоре наведените услови.

## 3. СУРОГАТ МАЈЧИНСТВОТО НА КРСТОСНИЦА. СПОРНИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА!?

Предвидувајќи ја опасноста сурогат мајчинството да се искомерцијализира по трендот на многу држави во светски рамки каде што владее своевиден „бејби-туризам", законодавецот ја ограничил употребата на законот само на државјани на Р. Северна Македонија и тоа само за оние кои се во брак во моментот на започнување на постапката на биомедицинско потпомогнато оплодување пред Министерството за здравство како надлежен државен орган. Всушност, истиот на јасен и прецизен начин без можност за пошироко толкување ја креирал сликата за потенцијалните родители, уважувајќи го концептот на традиционалното семејство во општеството. Меѓутоа, зачудува фактот што македонскиот законодавец од овој процес ги исклучува вонбрачните двојки како договорни страни при склучување на договори за сурогат мајчинство и врши неоснована дискриминација, кога во делот на вештачката инсеминација и ин витро фертилизација оваа

[54]Деспотоска, К. (2014). Сурогат мајчинство-актуелни прашања, Скопје, стр. 5
[55] Мицковиќ, Д., Игновска, Е., Ристов, А. (2016). Новите репродуктивни технологии и правото, Скопје, стр.377

постапка ја дозволува и за вонбрачните двојки, како и за сами жени кои не се во брачна или вонбрачна заедница кај постхумната репродукција. Дотолку повеќе што во каталогот на уставно загарантирани права е и правото на слободно одлучување за создавање на свое потомство.[56]

Conditio sine qua non за спроведување на постапката на биомедицинско потпомогнато оплодување е писмената согласност на гестацискиот носител и лицето со кое таа (сурогат мајката) живее во брачна или вонбрачна заедница во период подолг од една година. Исто така пред отпочнување на постапката, со оглед на комплексноста на последиците, законодавецот предвидел инволвираните страни кон барањето за овој вид на репродукција да достават доказ за задолжително психолошко и правно советување (каде меѓудругото гестацискиот носител психолошки се припрема за сурогат мајчинство и посебно се запознава со позицијата и отсуството на родителски статус врз детето), како и изјава за согласност на брачниот пар за примена на постапка на биомедицинско потпомогнато оплодување. Доколку надлежниот орган утврди дека се исполнети условите за нејзино иницирање, страните склучуваат договор со кој меѓусебно ги уредуваат правата и обврските кои за нив произлегуваат од спроведување на постапката. Целта на сурогат мајчинството е остварување на тн. „социјално" родителство на договорен начин. Намерата на договорот за сурогат мајчинство е да се потенцира гестационата улога и фактичкото вршење на родителските права, arгоро гестацискиот носител и договорената мајка. Прифатениот концепт на сурогат мајчинство во македонското законодавство е типично традиционален и гравитира околу алтруистичкото сурогат мајчинство. Тоа подразбира исплаќање само на редовните трошоци на гестацискиот носител во поглед и само за потребите на целиот пренатален процес, водење на бременоста и породувањето. Неслучајно, договорот за сурогат мајчинство го дефинира и прашањето за надоместокот на гестацискиот носител. Материјалните трошоци брачниот пар ги надоместува на месечна основа во износ кој не може да биде поголем од една просечна плата исплатена во рамките на стопанството во Република Македонија во претходната година.[57] Притоа во текот на целиот процес се исклучуваат подароци во корист на гестацискиот носител во било кој облик, а чија што вредност изнесува над 100 евра изразена во денарска противредност. Во спротивно, дозволеното сурогат мајчинство преминува во сферата на кривични дела. Сурогат мајчинството не смее да се практикува како дејност или професија и за таа цел да се основаат трговски друштва преку кои ќе се посредува во пронаоѓање на жени-гестациски носители. Законодавецот во поглед на ова прашање е дециден. Но, несекојдневна приказна пред скоро време пренесуваа македонските медиуми за семејство од државата кое добило свое бебе со помош на сурогат мајка преку познатата агенција во Украина- *„Successful Parents"*. Ваквиот концепт на сурогат мајчинство не е новина. Агенцијата *„Successful Parents"* функционира уште од 2003 година преку свои подружници во регионот, конкретно Бугарија, со целосно развиен план и програма која безмалку сурогат мајчинството го претвара во доходовен бизнис кој „тежи" 40.000 американски долари за едно дете.[58] Токму лукративната страна на сурогат мајчинството е таа која пробудува длабоко морално-етички дилеми. Поради тоа, делот насловен како кривични дела, со измените на законот од 2014 година по членот 69, покрај постојните, додадени се осум нови кривични дела. На овој начин, македонскиот законодавец се обидува да се огради од евентуалните недозволени дејствија во текот на постапката кои непосредно го материјализираат и ценовно етикетираат животот на едно неродено дете.

Спорна законска одредба претставува и чл. 12-а, ст.11 со кој се предвидува волева опција, сакано прекинување на бременоста на гестацискиот носител. Консеквентно на ова решение, брачната двојка има сосема легитимно право да одлучува за текот на бременоста на гестацискиот носител во смисла да ја прекине во ситуација на постоење на медицинско оправдани показатели. Со други зборови, актуелниот Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување дозволува брачната двојка да решава за абортусот на гестацискиот носител и воопшто дали да се роди дете или не што секако е во спротивност со основните човекови права. Меѓутоа, треба да се забележи дека ваквото право не е апсолутно во својата временска димензија, односно со денот на имплантирање на генетскиот материјал-ембрион во матката на гестацискиот носител, прекинување или запирање на бременоста не се дозволува. Слободно може да се каже дека на овај начин гестацискиот носител или сурогат мајката е претворена во обичен инкубатор, „матка под закуп", ствар за реализирање на сопствени интереси. Од друга страна, во успешно спроведената постапка за биомедицинско потпомогнато оплодување со гестациски носител законот го обврзува брачниот пар да ги

[56] Dekić, S. (2019). Surogat majčinstvo u neoliberalnoj Srbiji: dali Afroamerikanka može da rodi dete iz Srbije?, *GENERO vol. 23: 2019*, Beograd, str. 135

[57] Член 12-г, ст.13 од Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување

[58] Види повеќе кај: Донева, Н. & Коцева, А. (2018). Продор на современиот концепт за сурогатството низ државната легислатива, *Students social science journal, Volume 5*, Штип, стр. 44

преземе сите деца родени од повеќеплодна бременост (иако заборава да наведе независно од пол), без оглед дали се сеуште во брак или не. Посебно се нагласува дека родителите се должни да го преземат детето независно од неговите психофизички особини, попреченост и очекувано посебните потреби за него и личен развој, а кои останале прикриени дури и при редовните медицински иследувања во текот на бременоста. Преку ваквите законски решенија законодавецот практично ги штити нероденитe деца од можна родителска напуштеност, со оглед дека гестацискиот родител според домашното право не стекнува родителски права, ниту обврски спрема плодот/детето кое го носи.[59] Првиот случај во широката јавност познат како „*Baby M*" во Соединетите Американски Држави ја следеше истата правна логика кога сурогат мајката (воедно и биолошка мајка) го изгуби правото над своето дете по одлуката на Врховниот суд во Њу Џерси кој му даде првенство на склучениот договор за сурогат мајчинство пред правата на биолошката мајка.[60]

Кога зборуваме дека државата го има најлибералниот модел на сурогат мајчинство во Европа, за жал, истиот го потенцираме со негативен предзнак. Законот нуди екстремно либерално решение, досега непознато во европските законодавства со кое дозволува брачниот пар воопшто да нема генетска врска со детето, давајќи законска можност во четири опции гестацискиот носител да не биде оплоден само со ембриони (најмногу два) кои потекнуваат од брачниот пар, туку и со донирани јајце клетки и сперматозоиди, па дури и со дониран ембрион. Станува збор за најспорното решение предвидено во Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, затоа што целиот концепт и смислата на прифатеното гестациско сурогат мајчинството се доведува во прашање. Наспроти тоа се создава паралелизам во истовремено прифаќање на традиционално сурогат мајчинство кое подразбира три жени, три мајки на детето, првично жената донор на јајце клетката во улога на генетска мајка, сурогат мајката или биолошката мајка која ја изнесува гестацијата и го раѓа детето и жената социјалната мајка која го склучува договорот за сурогат мајчинство.[61] Гестациското сурогат мајчинство претпоставува барем еден од родителите да има генетска врска со детето што ќе го роди гестацискиот носител. Тогаш која би била целта идните родители да склучуваат договор за сурогат мајчинство за дете кое нема генетска и биолошка поврзаност со ниту еден од нив, кога можат да се определат за посвојување и да обезбедат топол дом и родителска љубов за дете кое без своја вина останало само. Во ситуација на договорено раѓање на дете се доведуваат во прашање и некои од конвенциските права на in spe.[62] Станува збор за правото на детето да биде гледано од страна на своите родители кои имаат родителска одговорност спрема него. Правни, но и фактички родители на детето односно децата кои се запишуваат во изводот на родени е брачниот пар кој остварува потомство со помош на сурогат мајка во постапката на биомедицинско потпомогнато оплодување. Согласно чл.12-в, ст.1 од законот изјавата за согласност за примена на постапката правно се преведува како изјава за откажување на гестацискиот носител од мајчинските права спрема роденото дете. Во таа смисла, имајќи го предвид значењето на изјавата на гестацискиот носител, таа не станува мајка на роденото дете или деца, ниту има право согласно постојните одредби од Законот за семејството да иницира посебна постапка за утврдување на мајчинство. Ваквото решение слободно може да се нарече раритет во споредбеното право. Но, по однос на ова решение, законодавецот предвидува неколку исклучоци каде гестацискиот носител има правна можност да биде запишана како мајка на роденото дете/деца доколку ги исполнува условите за посвојување. Во прв план тука се заштитуваат децата и нивните права и интереси кога се напуштени и оставени без родителска грижа, кога брачниот пар трајно или повремено го занемарува вршењето на родителските права и должности, во краен случај кога им одземено вршењето на родителското право и сл.[63] Детето родено од сурогат мајка исто така има право да ги дознае своите биолошки родители. Водејќи се од тоа, законодавецот во чл.12-в, ст.5 предвидува решение кое продира и тоа како во психолошката рамнотежа на детето, со оглед на возраста од само пет години кога може да ги дознае податоците за жената која била носител на неговата гестација и начинот на кој тоа е зачнато и родено.

---

[59]Маролов, Д. & Максимова, Е. (2015). Етичките аспекти на сурогатството наспроти ставовите на законската регулатива, *Годишен зборник, Правен факултет Универзитет „Гоце Делчев", vol.5,* Штип, стр.142

[60] Topalović, M, M. (2017).Komercijalizacija maternice: surogat majčinstvo iz feminističke perspektive, Zadar, str. 6

[61] Академик (2014), *Многу дебатирaната тема во светот во Македонија постанува реалност: Се воведува сурогат мајчинство,* retrived from: https://akademik.mk/mnogu-debatiranata-tema-vo-svetot-vo-makedonija-postanuva-realnost-se-voveduva-surogat-majchinstvo-4/

[62] Hrabar, D. (2020). Surogatno majčinstvo kao moderan oblik eksploatacije žena i trgovine djecom, *Zbornik PFZ, 70, (2-3) 171-212 (2020),* Zagreb, str.182

[63] Член 12-в став 2од Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување

**РЕФЕРЕНЦИ**

Академик (2014). Многу дебатираната тема во светот во Македонија постанува реалност: Се воведува сурогат мајчинство, retrived from: https://akademik.mk/mnogu-debatiranata-tema-vo-svetot-vo-makedonija-postanuva-realnost-se-voveduva-surogat-majchinstvo-4/

Деаноска, А. (n.d.) Матка под закуп (3): Сурогатството во Македонија- од казниво дело до либерална регулатива, retrieved from: https://janakiznae.mk

Dekić, S. (2019). Surogat majčinstvo u neoliberalnoj Srbiji: dali Afroamerikanka može da rodi dete iz Srbije?*GENERO vol. 23: 2019,* Beograd, 135

Деспотоска, К. (2014). Сурогат мајчинство-актуелни прашања, Скопје, 5

Донева, Н., & Коцева, А. (2018). Продор на современиот концепт за сурогатството низ државната легислатива, *Students social science journal, Volume 5*, Штип, 44

Донев, Д. (2019). Биоетичките перспективи на сурогат мајчинството, *Втора меѓународна интердисциплинарна конференција „Биоетиката - Знак на новото доба“,* Филозофски факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј”, Скопје, 21

Маролов, Д., & Максимова, Е. (2015). Етичките аспекти на сурогатството наспроти ставовите на законската регулатива, Годишен зборник, *Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ vol.5,* Штип, 142

Мицковиќ, Д., Игновска, Е., & Ристов, А. (2016). Новите репродуктивни технологии и правото, Скопје, 377

Topalović, M.M. (2017). Komercijalizacija maternice: surogat majčinstvo iz feminističke perspektive, Zadar, 6

Hrabar, D. (2020). Surogatno majčinstvo kao moderan oblik eksploatacije žena i trgovine djecom, *Zbornik PFZ,* 70, (2-3) 171-212 (2020), Zagreb,182